Врз основа на член 49 став 2 од Статутот на Синдикатот на администрацијата и државната управа на Македонија од 08.04.2013 година, и врз основа на измените и дополните на Статутот од 01.07.2014 година, 21.07.2014 година и од 30.09.2014 година, Собранието на Синдикатот на администрацијата и државната управа на Македонија на седница одржана на ден 11.10.2014 година, донесе новиот:

С Т А Т У Т

на

Синдикатот на администрацијата и државната управа на Македонија

1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Синдикатот на администрацијата и државната управа на Македонија е самостојна, демократска, независна и непартиска организација на вработените во јавниот сектор во која доброволно се зачленуваат заради застапување, остварување, заштита и унапредување на своите економски, социјални, работно-правни, професионални, образовни, културни и другите поединечни и колективни интереси.

Член 2

Во изразувањето и заштитувањето на интересите, Синдикатот поаѓа единствено од волјата на своето членство.

Член 3

Во раководствата на синдикалните организации и во органите на Синдикатот не можат да бидат предлагани и избирани:

-директори и други избрани и именувани лица;

-членови на органите на политичките партии на сите нивоа на нивното организирање и

-претставници на политичките партии во државни и други институции и други организации.

Член 4

Синдикатот е основан на 7 мај 2008 година и е здружен во Конферерацијата на слободни синдикати на Македонија (КСС).

Врз основа на начелата на синдикална солидарност Синдикатот соработува со демократските синдикални здруженија со исти и сродни интереси во земјата и може да пристапува во меѓународни сојузи и организации.

2. НАЗИВ , СЕДИШТЕ, АМБЛЕМ, ПЕЧАТ И ЗНАМЕ

Член 5

Целосниот назив на Синдикатот е: Синдикат на администрацијата и државната управа на Македонија.

Во меѓународната комуникација Синдикатот го користи називот: **Trade union of Public and State administration of Macedonia**.

Синдикатот има скратен назив: САДУ.

Седиштето е во Скопје, на улица ,,50-та Дивизија,, број 25.

САДУ има амблем во овална форма која ја формираат црвени и жолти ленти а во внатрешноста има три стрелки со црвена боја насочени во ист правец кој зад себе оставаат црвени точки што симболизира движење, заедничко дејствување во иста насока.

САДУ има својство на правно лице, свој печат и жиро сметка кај надлежна финансиска институција, а во односите со трети лица го претставува и застапува Претседателот.

Печатот на САДУ е со тркалезна форма со пречник од 38 мм и го содржи текстот: “СИНДИКАТ НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА И ДРЖАВНАТА УПРАВА НА МАКЕДОНИЈА”.

Штембилот има правоаголна форма и го содржи текстот “СИНДИКАТ НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА И ДРЖАВНАТА УПРАВА НА МАКЕДОНИЈА”, со место за број и датум.

Знамето на САДУ е со правоаголна форма и димензии 2x1 м, со сива подлога, а во средината е амблемот на Синдикатот.

3. ПРИНЦИПИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ

Член 6

Синдикатот дејствува согласно следните принципи:

-доброволност во зачленувањето;

-самостојност и независност;

-демократичност во изразувањето и одлучувањето на сите нивоа на организираност;

-взаемност, рамноправност и солидарност;

-права и одговорности на членовите и одговорност на избраните и именуваните синдикални претставници и

-јавност во информирањето.

4. ЦЕЛИ И МЕТОДИ

Член 7

Цели се:

-да постигне подобар социјално-економски и професионален статус на членството и повисок животен стандард;

-заштита на правото на работа и на правата од работен однос;

-социјален дијалог;

-колективно преговарање и склучување на колективни договори на ниво на гранка и на ниво на работодавач;

-учество во креирањето на политиките и законодавството, согласно на меѓународните стандарди;

-унапредување на условите за работа;

-повисоки права на социјално, здравствено, пензиско и инвалидско осигурување;

-повисоки права на дневен, неделен и годишен одмор;

-поефикасна превентивна здравствена заштита;

-создавање мотивација за креативен и квалитетен труд за унапредување на професијата;

-обезбедување законски гаранции на социјална заштита во случаи на појава на вишок на работници;

-остварување на меѓународна синдикална соработка.

Член 8

Синдикатот ги остварува целите преку:

-претставување и застапување на членството;

-платформи, програми, ставови, барања и слично, по социјално-економските, работно-правните и професионалните прашања и нивно реализирање;

-преговарање и склучување на колективни договори и учество во економско-социјални совети на национално и на локално ниво;

-поповолни предлози за измени и дополнувања на законски и други акти и предлози за нови законски и други решенија;

-разни облици на синдикален притисок: протестни писма и декларации, јавни собири и митинзи, протестни прошетки, демонстрации и штрајк;

-информирање на јавноста преку соопштенија, конференции за печат, директни настапувања преку јавните медиуми, истакнување на плакати на јавни места, интернет страница итн.;

-издавање на билтени, прирачници и други печатени материјали;

-синдикална едукација и синдикално образование на синдикалните претставници и членството заради поуспешно синдикално дејствување и

-известувања и барање подршка од меѓународните организации.

5. ЧЛЕНСТВО НА САДУ

Член 9

Членови на САДУ можат да бидат вработените во јавниот сектор односно во државните органи и организации, јавни претпријатија, јавни установи, агенции, фондови во локалната самоуправа, правосудните органи и други правни лица во државна сопственост како и вработените во Стручната служба на Синдикатот.

Членови може да бидат и организации од приватен сектор чија што дејност е тесно поврзана со горенаведените дејности и произлегува од нив.

Членови на Синдикатот можат да бидат и пензионерите од оваа дејност кои биле членови на САДУ пред пензионирањето и студенти кои ќе изразат желба да членуваат.

Член 10

Зачленувањето во САДУ е доброволно без разлика на политичките и религиозните убедувања, националната, етничката, расната и полова припадност.

Член 11

Лицата од дејностите од член 9 на овој Статут, врз основа на слободно изразена волја стануваат членови на САДУ со потпишување на пристапница со која се потврдува прифаќањето на Статутот на САДУ.

По прифаќањето на пристапницата Синдикатот писмено го известува работодавачот за зачленување на вработениот и за задршка на членарината на платен список.

На лицето кое потпишало пристапница му се издава членска книшка со која го докажува членството во САДУ.

Членската книшка е сопственост на САДУ.

Член 12

Членството во САДУ престанува:

-со истапување на членот (со давање на писмена изјава преку претседателот на синдикалната организација до Претседателот на САДУ);

-по автоматизам;

-со исклучување заради дејствување спротивно на Статутот.

Член 13

Членот истапува од Синдикатот по слободно изразена волја со поднесување на писмена изјава (истапница) преку претседателот на синдикалната организација до Претседателот на САДУ.

Синдикатот е должен по претходен разговор со членот во рок од 30 дена да се изјасни по поднесеното барање.

По прифаќање на истапницата, Синдикатот писмено го известува работодавачот дека членот истапил, како и да ја запре задршката/уплатата на синдикалната членарина за членот кој истапил.

По прием на известувањето за прифаќање на истапувањето, членот е должен да ја врати членската книшка со што му престануваат сите права и обврски кон Синдикатот.

Членот кој користел средства од Солидарниот фонд или било која друга погодност или бенефиција од синдикалната организација не може да истапи пред истекот на две години од денот на добивањето на средствата односно бенефицијата.

Колективно истапување од САДУ е неважечко.

Доколку некоја синдикална организација го прекрши Статутот за колективно истапување целиот нејзин имот останува во сопственост на САДУ.

Член 14

Членот се брише од евиденција на Синдикатот по автоматизам, доколку се пензионира, а не изрази желба неговото членство да продолжи, доколку му престане работниот однос во установата, како и во случај на смрт.

Член 15

Членот се брише од евиденција на синдикалната организација по автоматизам ако не плати членарина три месеци едноподруго или

повеќе од четири месеци во годината и ако му престане работниот однос во установата по било кој основ.

Исклучувањето го врши Извршниот одбор на САДУ. Оваа мерка се применува во случаи на непочитување на Статутот, одлуките на органите како и во случај ако со своето однесување дејствува спротивно на интересите на Синдикатот.

Член 16

Предлог за исклучување на членот дава претседателот на синдикалната оганизација или Претседателот на САДУ.

Одлука за исклучување носи Извршниот одбор на САДУ и истото е должно да му ја достави на исклучениот член во рок од 15 дена од денот на нејзиното донесување.

Членот врз кого е применета мерката исклучување има право на жалба во рок од 15 дена до Претседателството на САДУ.

Жалбата не го одлага извршувањето на одлуката.

Оваа мерка се применува во случаи на непочитување на Статутот, на одлуките на органите како и во случај ако со своето однесување дејствува спротивно на интересите на Синдикатот.

Член 17

Членот на кого му престанало членството доколку изрази желба повторно да се зачлени во САДУ треба писмено да се обрати до синдикалната организација. Синдикалната организација на првиот нареден состанок може да одлучи да го прими во членство и да го внесе во евиденцијата.

По правило, исклучените членови и членовите што доброволно го напуштиле САДУ без да имале објективна причина за истото не треба да бидат повторно зачленувани во САДУ.

Член 18

Известување до работодавачот за уплатата на синдикалната членарина и за начинот на нејзината распределба како и за престанок на уплатата за оние членови кои доброволно истапиле или се исклучени од Синдикатот, поднесува Претседателот на Синдикалната организација.

6. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОТ НА САДУ

Член 19

Членот на САДУ ги има следните права:

-да биде застапуван во преговорите за склучување и за измена и дополнување на колективните договори;

-да користи права од колективни договори;

-да добива бесплатна правна помош и советување во остварување на правата од работен однос;

-да користи права од Синдикалниот фонд и други фондови на САДУ;

-да предлага, да бира и да биде биран во органите на САДУ;

-да учествува во одлучувањето и во реализацијата на одлуките во синдикалните организации;

-слободно да го изразува мислењето и да го брани на состаноци, конференции, советувања и конгреси;

-да добива информации за синдикална активност;

-да доставува до синдикалните органи барања, мислења, предлози, критички забелешки и жалби сврзани за поважни синдикални проблеми и да бара одговор и активност за нивно решавање;

-да учествува во работата на синдикалната организација;

-право на синдикална едукација;

-на културни, спортски и други средби и дружења меѓу членовите;

-да добива награди и признанија на САДУ за синдикална активност;

-поповолна набавка на производи и услуги преку синдикалната организација и

-да остварува и други права што ќе ги обезбедува САДУ.

Член 20

Членот на САДУ ги има следните обврски:

-да го почитува и спроведува Статутот на САДУ;

-да ги почитува и спроведува одлуките на Конгресот и на органите на САДУ;

-да го гради единството на САДУ и да го штити неговиот авторитет;

-во активностите на САДУ да не делува од позиции на политичка, национална, етничка или расна припадност како и од религиозно убедување;

-да плаќа редовно синдикална членарина согласно Статутот и одлуката донесена од органите на САДУ;

-при премин во друга синдикална организација на САДУ да се поврзе најдоцна за 30 дена.

7. ОРГАНИ НА САДУ

Член 21

Органи на САДУ се: Конгрес, Совет, Претседателство, Извршен одбор, Претседател, Надзорен одбор и Статутарна комисија.

7.1.КОНГРЕС

Член 22

Конгресот е највисок орган на САДУ кој се свикува на пет години или по потреба. Одлука за датумот и местото на одржувањето како и предлог за дневниот ред за работа на Конгресот, донесува Претседателството најмалку 60 дена пред неговото одржување.

Член 23

Бројот, составот и структурата на делегатите на Конгресот се утврдуваат со посебна одлука на Претседателството.

Синдикалните организации треба да ги изберат делегатите и да ги достават до Претедателството најдоцна 30 дена пред одржувањето на Конгресот.

Синдикалните организации треба да ги достават своите резолуции, извештаи, предлози и номинации за оддавање почит најмалку 40 дена пред одржување на Конгресот.

Основен критериум за кандидат за Претседател е членство во САДУ најмалку 6 години и членување во избраните тела на САДУ најмалку 5 години.

Член 24

За да работи Конгресот потребно е присуство на две третини на делегатите, а одлуките се полноважни ако за нив се изјасни мнозинството од присутните делегати на Конгресот.

Член 25

Вонреден Конгрес се одржува на барање на 2/3 од вкупниот број членови на САДУ. Делегати на вонреден Конгрес се избираат по ист принцип како за редовниот Конгрес.

Член 26

Конгресот ги има следните надлежности:

-донесува Деловник за работа на Конгресот;

-донесува Статут и Програма за работа на САДУ;

-го усвојува Извештајот на Претседателството за активноста на САДУ и Извештајот на Надзорниот одбор;

-врши избор на Претседател на САДУ;

-го верификува мандатот на членовите на Претседателството;

-врши избор на членови и заменици членови на Надзорниот одбор и Статутарната комисија;

-донесува одлука за здружување и раздружување;

-донесува одлука за престанок на дејствувањето на Синдикатот.

-со Конгресот раководи работно Претседателство од 3 члена избрани на Претседателството.

7.2. СОВЕТ

Член 27

Членови на Советот се сите Претседатели на Синдикалните организации верификувани на Конгрес или на Претседателство.
Советот се свикува најмалку еднаш годишно.
Советот работи според Деловник за работа усвоен од Советот.

Советот е советотодавно тело со следните надлежности:

-Предлага и усвојува програма за работењето на САДУ
-Носи решение за генерален штрајк, протести и др.
Синдикалните организации мора да ги достават своите предлози и забелешки за предлог програмата на САДУ за следната година најдоцна 10 дена пред одржување на Советот.

7.3. ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО

Член 28

Претседателството е највисок постојан орган на САДУ меѓу два Конгреса.

Одлука за бројот, составот, критериумите и начинот на изборот за членови на Претседателството ја носи Претседателството на САДУ во претходниот состав.

Мандатот на членовите на Претседателството е 5 години. Членови на Претседателството по функција се Претседателот, Генералниот секретар на САДУ и Потпретседателите на САДУ.

Замена на членовите во својот состав и верификација на мандатите на нови членови меѓу два Конгреса може да врши Претседателството.

Член 29

Претседателството за својата работа е одговорно пред Конгресот на САДУ.

Претседателството се состанува најмалку два пати годишно.

Со Претседателството раководи Претседателот и може да работи доколку на седницата присуствуваат повеќе од половина од неговите членови, а одлуките се полноважни ако за нив се изјасни мнозинството од присутните членови.

Претседателството работи согласно Деловник за работа.

Член 30

Претседателството ги има следните надлежности:

-ги утврдува заедничките основи за склучување на колективни договори и други форми на преговарање, договарање и спогодување по прашања од интерес на членството;

-води расправа и утврдува конечен текст на колективен договор на ниво на гранка;

-дава овластување за потпишување на гранси колективен договор и се грижи за негово спроведување;

-води евиденција на склучени колективни договори на ниво на работодавач потпишани од синдикалните организации и се грижи за нивното спроведување;

-утврдува ставови, предлози и иницијативи по сите прашања од интерес на членството и предлага мерки за подобрување на условите за работа, заштита на работа и унапредување на работната средина;

-предлага мерки за подобрување на економско-социјалната положба на членството вклучувајќи и разни облици на предупредување и притисок;

-донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на Синдикатот;

-донесува одука за финансирање на Синдикатот, за висината и начинот на распределба на членаринатa;

-да кооптира членови во Статутарната комисија и Надзорниот одбор;

-на предлог на Претседателот именува и разрешува Генерален секретар и потпретседатели на САДУ;

-утврдува листи на кандидати за органите на Синдикатот;

-го утврдува дневниот ред на Конгресот по предлог на Извршниот одбор;

-донесува одлуки за распишување редовни избори во САДУ;

-го помага работењето на синдикалните организации;

-ги верификува одлуките на Извршниот одбор;

-избира работно Претседателство од 3 члена на Конгресот;

-донесува Правилник за доделување на средства од Солидарен фонд на синдикалните организации;

-формира фондови на САДУ;

- утврдува критериуми за избор на Претседател;

- утврдува кандидат за Претседател на САДУ по претходно утврден критериум;

-утврдува региони со посебни одлуки и назначува Претседатели – координатори;

- утврдува сектори и назначува координатори;

- носи деловник за работа на Претседателство и на Конгрес;

- го утврдува дневниот ред на Конгресот;

- го избира Извршниот одбор;

-врши и други работи од интерес на САДУ согласно Статутот.

7.4. ИЗВРШЕН ОДБОР

Член 31

Извршниот одбор е извршно тело на САДУ.

Извршниот одбор носи одлуки и предлог дневен ред за свикување на Претседателството.

Извршниот одбор брои седум члена: Претседателот, Генералниот секретар и двајцата Потпретседатели по функција се членови на Извршниот одбор.

Во случај на еднаков број гласови одлучува гласот на Претседателот.

Извршниот одбор ги изготвува сите одлуки донесени од Претседателството и Советот на САДУ и истите ги реализира.

Во исклучителни моменти носи одлуки од витално и суштинско работење на САДУ кои ги верификува Претседателството на секој наредeн состанок.

Извршниот одбор ги има следните надлежности:

-основа одбори, комисии и други работни тела;

-организира синдикално образование и едукација за синдикалните претставници;

-врши избор на делегати и членови во органите на другите асоцијации;

-донесува акти со кои се регулира работата на органите и телата на САДУ;

-донесува нормативни акти со кои се регулираат прашањата од работниот однос на вработените во Стручната служба на САДУ;
- ги спроведува одлуките на Советот и Претседателството;
- врши и други работи во согласност со Статутот.

7.5.ПРЕТСЕДАТЕЛ НА САДУ

Член 32

Претседателот на САДУ е истовремено Претседател и на Советот, Претседателството и на Извршниот одбор.

Претседателот на САДУ функцијата ја извршува професионално или волонтерски.

Неговиот мандат е 5 години со право да биде повторуван.

Член 33

Претседателот го претставува и застапува САДУ во правниот промет и пред трети лица.

Претседателот ги има следните надлежности:

-свикува седници на Извршниот одбор, на Претседателството и на Советот и раководи со нив;

-остварува разговори и преговори со соодветните партнери во државата и ги потпишува колективните договори по дејности;

-ги застапува целите и интересите на САДУ;

-ги насочува активностите на Претседателството во согласност со Статутот и Програмата на САДУ;

-контактира со средствата за јавно информирање и држи конференции за печат;

-остварува соработка со другите синдикати, здруженија и невладини организации;

-воспоставува контакти и соработка со соодветните синдикати и асоцијации од другите земји и го претставува во земјата и странство;

-ги потпишува сите акти на Претседателството, Извршниот одбор, Советот и Конгресот на САДУ;

-наредбодател е на средствата на САДУ и на Синдикалниот фонд;

-по исклучок носи одлука за блокирање на сметката на било која Синдикална организација, а заради заштита на имотот и средствата на Синдикатот;

-именува ВД Претседател на синдикална организација, ако од било кои причини не може да се избере по редовен пат;

-врши и други работи во согласност со овој Статут;

Претседателот за својата работа е одговорен пред Конгресот на САДУ.

Член 34

По предлог на претседателот на САДУ, Претседателството бира и разрешува Генерален секретар.

Генералниот секретар функцијата ја извршува професионално или волонтерски.

Мандатот на Генералниот секретар трае пет години и може да биде повторуван.

Член 35

Генералниот секретар ги има следните задачи:

-ги подготвува материјалите за седниците на Претседателството и ги подготвува и изработува нацрт актите за потребите на Синдикатот;

-ги подготвува седниците на органите и телата на Синдикатот;

-ја организира работата и е раководител на Стручната служба на САДУ;

-ја ажурира евиденцијата на членовите на Синдикатот;

-ги координира активностите на синдикалните организации и републичките одбори;

-ја организира активноста за едукација во САДУ;

-се грижи за навремено информирање на членството и јавноста по пат на соопштенија, интернет страницата и синдикален билтен;

-врши и други работи по овластување на Претседателот согласно Статутот на САДУ.

7.6. НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 36

Надзорниот одбор е орган на Конгресот на САДУ и се состои од 3 члена. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 5 години без можност на повторен избор.

Надзорниот одбор од својот состав избира Претседател.

Членовите на Надзорниот одбор не можат да бидат членови на органите на САДУ и синдикалните организации.

Промена на членовите на Надзорниот одбор помеѓу два Конгреса го врши Претседателството.

Член 37

Надзорниот одбор ги има следните надлежности:

-врши контрола и надзор над материјално-финансиското работење на САДУ, на Синдикалниот фонд и на синдикалните организации;

-врши контрола на распределбата и употребата на финансиските средства;

-соработува со инспекциските служби задолжени за финансиското работење согласно законските прописи;

-по одлука на Извршниот одбор на САДУ може да изврши контрола на материјално – финансиското работење во синдикалните организации.

За извршената контрола Надзорниот одбор составува записник и истиот го доставува до Претседателството на САДУ.

Надзорниот одбор му поднесува на Конгресот извештај за својата работа и за материјално-финансиското работење на САДУ.

7.7. СТАТУТАРНА КОМИСИЈА

Член 38

Статутарната комисија брои 3 члена. Мандатот на членовите е 5 години, со можност за повторен избор.

Статутарната комисија ги има следните надлежности

-дава толкување и образложение на овој Статут по барање на Претседателството и на синдикалните организации;

-подготвува измени и дополнувања на Статутот на барање на Извршниот одбор и Претседателството;

-изготвува други акти на барање на Претседателството.

Членовите на Статутарната комисија не можат да бидат членови на органите на САДУ и синдикалните организации.

Промена на членови на Статутарната комисија помеѓу два Конгреса може да изврши Претседателството.

8. ОРГАНИЗИРАНОСТ НА САДУ

8. 1. Синдикална Организација

Член 39

Синдикалната организација на САДУ (во понатамошниот текст: синдикална организација) е основен облик на организирање во САДУ.

Синдикалната организација се формира врз принципот: една установа една синдикална организација.

Член 40

Иницијативата за формирање на синдикална организација можат да дадат група вработени во установата или САДУ.

Свикувањето на Основачкото собрание на синдикалната организација го врши Иницијативниот одбор од најмалку тројца вработени.

Одлука за формирање на синдикална организација носи Оснивачкото собрание на синдикалната организација и за истата се известува Претседателството на САДУ.

Член 41

Синдикалната организација има свој печат и има жиро-сметка кај надлежна финансиска институција, но нема својство на правно лице.

Во исклучителни околности, доколку Надзорниот одбор на САДУ утврди неправилности во финансиското работење, Претседателот на САДУ може времено да ја блокира жиро-сметката на синдикалната организација, за што е должен веднаш да го извести Претседателството на САДУ.

Член 42

Синдикалната организација остварува функции и задачи кои произлегуваат од Статутот и Програмата на САДУ, а особено:

-склучува Колективен договор на ниво на работодавач;

-учествува во расправата во постапката за донесување на колективните договори и се ангажира за нивно спроведување;

-учествува во расправата во постапката за донесување на акти на установата со кои се регулира економската и социјалната положба на членството;

-предлага можни кандидати за членови во органите на САДУ.

Член 43

Одлука за распишување на избори во Синдикалните организации донесува Претседателството на САДУ, а начинот и постапката на избор на членови се врши во согласност со Статутот на САДУ.

Член 44

Синдикалните организации кои имаат членови во подрачни единици и одделенија може да се организираат во синдикални подружници.

Синдикалните подружници кои имаат најмалку 20 члена избираат свој повереник, а синдикалните подружници со помалку од 20 члена се групираат и избираат свој повереник на ниво на регион.

Синдикалните повереници се членови на Собранието на синдикалната организација.

Член 45

Органи на синдикалната организација се: Собрание, Претседател, Извршен одбор и Надзорен одбор.

Член 46

Собранието го сочинуваат сите членови на синдикалната организација и се одржува еднаш на пет години или по потреба.

Собранието може да се одржи ако се присутни повеќе од половината од членовите на синдикалната организација, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

Собранието ја оценува работата на Претседателот и го усвојува Извештајот на Надзорниот одбор.

Собранието избира Претседател на синдикалната организација, Извршен одбор и Надзорен одбор.

Вонредно Собрание се одржува на иницијатива на 2/3 од сите членови на синдикалната организација.

Член 47

Мандатот на Претседателот на синдикалната организација трае пет години со можност истиот да биде повторуван.

Претседателот е потписник на сите документи на синдикалната организација и наредбодател е на средствата.

Претседателот на синдикалната организација свикува состаноци и претседава со истите.

Претседателот:

-ја следи економската и социјалната положба на членството во синдикалната организација, покренува иницијативи и барања и предлага решенија за подобрување на истата пред работодавецот;

-преговара и по овластување на Извршниот одбор на синдикалната организација потпишува Колективен договор со работодавецот и го следи неговото спроведување;

-ги штити правата од работен однос и ги застапува членовите при нивното остварување во установата;

-се ангажира за создавање и подобрување на условите за работа и заштита при работа;

-се ангажира за обезбедување на услови за задоволување на потребите од културата, рекреацијата, одморот и спортувањето на членството и синдикалната едукација;

-има задача за навремено и вистинито информирање на членството и на органите и телата на САДУ;

-ги пренесува ставовите на синдикалната организација во органите на САДУ и обратно;

-превзема активности за зачленување на нови членови и се грижи за навремено и правилно прибирање на синдикалната членарина.

Член 48

Собранието на синдикалната организација избира Извршен одбор како извршен орган, кој може да брои од 5 до 11 членови во зависност од вкупниот број членови во синдикалната организација.

Извршниот одбор избира Генерален секретар и Потпретседател.

Член 49

Собранието на синдикалната организација избира Надзорен одбор од три члена и тројца заменици. Надзорниот одбор од својот состав избира Претседател. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае пет години без право на повторен мандат.

Надзорниот одбор врши надзор над материјално-финансиското работење на синдикалната организација.

Надзор над материјално-финансиското работење на синдикалната организација се врши најмалку еднаш годишно.

Во случај на утврдена неправилност за материјално-финансиското работење, Надзорниот одбор ја известува синдикалната организација, Претседателството на САДУ, Надзорниот одбор и Извршниот одбор на САДУ.

9. ФИНАНСИРАЊЕ И МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА НА САДУ

Член 50

Работата на САДУ се финансира од членаринатa и од други приходи, како што се: донаторство, спонзорство, камати на своите средства, акции, банкарски записи и подароци.

Член 51

Висината на членаринатa изнесува 1% од нето платата на членот, а нејзината распределба се одредува со одлука на Претседателството.

Синдикалната членарина се подмирува при земањето на месечната плата со пресметка преку платен список.

Член 52

Неспроведување на одлуките за распределба на членаринатa за користење на средствата се смета за повреда на Статутот на САДУ.

Член 53

За остварување на солидарна материјална помош и користење на други материјални погодности, со Одлука на Претседателството на САДУ може да се формира Синдикален фонд на САДУ.

Начинот на работа и начинот на користење на средствата од фондот ќе се уредат со акт кој ќе го донесе Претседателството на САДУ.

10.СТРУЧНА СЛУЖБА

Член 54

За вршење на стручните, административните, финансиските, техничките и други работи за потребите на САДУ може да се формира Стручна служба.

Бројот на извршителите и работните задачи се регулираат со посебни акти што ги носи Извршниот одбор.

11.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 55

Статутот го усвојува Конгресот на САДУ.

Измени и дополнувања на Статутот врши Конгресот на САДУ доколку се изјаснат 2/3 од вкупниот број делегати.

Толкување на одредбите од овој Статут дава Статутарната комисија.

Член 56

Одлука за здружување и раздружување во синдикални асоцијации во земјата и странство носи Претседателството на САДУ.

Член 57

САДУ може да престане да постои согласно случаите утврдени со Закон.

Член 58

Овој Статут стапува во сила со денот на донесувањето.

Член 59

Со стапување на сила на овој Статут престанува да важи Статутот на САДУ од 11.10.2014 година.

Претседател,
БЛАГОЈА РАЛПОВСКИ